Република Северна Македонија

**Министерство за одбрана**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА СТЕПЕНОТ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПЛАНОТ ЗА ИНТЕГРИТЕТ 2021-2024 ЗА ПЕРИОД 01 ЈАНУАРИ – 30 ЈУНИ 2024 ГОДИНА

Во согласност со Политиката за активна транспарентност, Министерството за одбрана редовно и на секои шест месеци изработува и јавно објавува извештај за степенот на реализација на активностите предвидени со Планот за интегритет 2021-2024 година и годишните планови на активности кои произлегуваат од истиот.

Шестмесечните извештаи се изработуваат стандардизирано, во посебно дизајнирана матрица, која е дел од Планот.

Шестиот Извештај за степенот на имплементација на Планот за интегритет се однесува на периодот 01.01 – 30.06.2024 година.

Откако ќе се спроведе Планот за интегритет 2021-2024, во 2025 година ќе се изврши целосна анализа на напредокот постигнат со спроведувањето на Планот.

Одговорно тело за следење на имплементацијата е Работната група за градење интегритет во Министерството за одбрана.

За периодот 01.01 – 30.06.2024 година, согласно Планот за интегритет 2021-2024 и Планот на активности за 2024 година, беа реализирани шест активности или поделено по области: Човечки ресурси – четири активности, Јавни набавки – една активност и Внатрешна контрола – една активност. Истите се спроведуваат со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS.

Согласно информирањето од страна на CIDS поврзано со ограничените ресурси со кои располагаат во овој период, односно лимитираните можности за патувања на нивните експерти, дел од обуките од Планот на активности за 2024 година кои требаше да се реализираат во првата половина на годината, ќе се реализираат во втората половина на 2024 година или во текот на 2025 година.

Сите останати планирани активности за првото шестмесечје се започнати и се имплементираат согласно утврдените методологии за реализација на истите.

Работна група за градење интегритет

**X. Област I: - Управување со човечки ресурси**

| **Репер:** - Подобрена ефикасност на системот за управување со човечки ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Очекувани резултати** | **Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“)** | **Постигнати резултати** | **Број на вклучени луѓе** | **Дополнителни забелешки** |
| 1. Подготовка на внатрешна постапка за екипирање и ротација на работни места подложни на корупција | Изработена внатрешна постапка/методологија за екипирање и ротација на работни места подложни на корупција | Да | Зголемена свест кај раководителите и вработените за потребата од континуирано идентификување на работни места чувствителни на корупција во одбраната | / | Активност 6 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024 (Активност 2.6 од Планот на активности за 2024 година)<br><br>Согласно Планот на активности за 2024 година активноста е во фаза на имплементација и во целост ќе се реализира до крајот на 2024 година |
| 2. Изработка на преглед на описи на работни места | Изработен преглед/анализа на описи на работни места | Да | Зголемена свест и вештини кај раководниот кадар и персоналот за потребата дополнително да се промовира и заштити интегритетот преку сеопфатен преглед на описот на работните места | / | Активност 9 од Матрицата на Планот за интегритет<br><br>Врз основа на методологијата на CIDS, спроведена е анализа на работните места, направен е преглед на описите на работните места во МО, како и предлози за унапредување на истите. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3. Обука за планирање на човечки ресурси | Реализирана обука за планирање на човечки ресурси | Да | Зголемено знаење и подобрени вештини на вработените за целокупниот систем за управување со човечки ресурси. | 18 | Активност 2.3 од Планот на активности за 2024 година<br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |
| 4. Обука за проценка на работни места чувствителни на корупција | Реализирана обука за проценка на работни места подложни на корупција | Да | Зголемување на свеста кај вработените за придобивките од идентификување на ризиците од корупција на поединечните работни места, како и потребата од усвојување на практични упатства поврзани со новата Методологија за проценка на работни места подложни на корупција. | / | Активност 7 од Матрицата на Планот за интегритет 2021-2024 (Активност 2.7 од Планот на активностите за 2024 година)<br>Активноста е спроведена со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |

**Област: IV - Јавни Набавки**

**Репер:** - Подобрена организациска структура и институционален капацитет за да се обезбеди интегритет и транспарентност во јавните набавки

| Активност | Очекувани резултати | Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“) | Постигнати резултати | Број на вклучени луѓе | Дополнителни забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. Обука Преглед на технички спецификации | Реализирана онлајн обука во делот на преглед на технички спецификации | Да | Подобрување на процесот на изработка на технички спецификации, примена на нови знаења и научени лекции од претходното работно искуство во изработка на технички спецификации | 18 | Активност 3.5 од Планот на активности за 2024 година<br>Активноста се спроведува со експертска поддршка од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка – CIDS |

**Област: VI - Внатрешна контрола**

**Репер:** - Зголемена улога на внатрешната ревизија и на инспекторатот во градењето интегритет

| Активност | Очекувани резултати | Имплементација на активност („Да“ и кога се имплементираат во тек, „Не“) | Постигнати резултати | Број на вклучени луѓе | Дополнителни забелешки |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. Анализа на системот на добро владеење земајќи ги предвид меѓународните стандарди за добро владеење | Унапредување на системот на добро владеење во одбраната и промовирање и заштита на интегритетот и професионализмот | Да | Утврдени се недостатоците и потребите за унапредување во однос на доброто владеење во одбранбениот сектор | / | Активност 1.7 од Планот на активности за 2024 година<br>Реализацијата на активноста е согласно усвоената Методологија, што ќе резултира со финален извештај и препораки до крајот на 2024 година. |